**Огласувајте се паметно**
Обратете и се на Вашата целна публика, огласувајте се со нас.

КУЛТУРА

УМЕТНОСТА НА ХАЏИ-ВАСИЛЕВА ЗА КОЈА ПИШУВААТ ИНДИПЕНДЕНТ И ВОЛ СТРИТ ЖУРНАЛ

# Уметност од коски на потполошки и тестиси на овни

"Многу од моите дела вклучуваат работи кои би можеле да се сметаат за одвратни, но мојата намера е да се создаде нешто убаво со трансформација", вели една од најпрестижните современи македонски уметници Елпида Хаџи -Василева, чии дела до 31 октомври ќе бидат изложени во ресторанот во Лондон



Делата на една од најпрестижните современи македонски уметници Елпида Хаџи-Василева до 31 октомври ќе бидат изложени во Лондон, а за оваа нејзина изложба во ресторанот "Pied a Terre" насловена како "Желбата на сведокот" пишуваат и угледните британски весници The Independent и The Wall Street Journal". Всушност се работи за необичната уметност која ги спојува храната, поточно остатоците од храната и уметноста, што е и прва ваква нејзина инсталација во ресторан.

Во нејзината прва инсталација со која победи во натпреварот организиран од ресторанот во јануари годинава и која ќе се прикажува на дисплејот таа користи коски од потполошки, подредени како војска. "Најдраматичното" дело е направено од тестис вреќички на 80 овни, од кои создаде бела текстурна површина. Таа вели дека нејзината инспирација е мачо средина на кујната, каде што поминувала по неколку дена во неделата во текот на осумте месеци. Хаџи-Василева за своите дела користи и крлушки од риба, сушени пилешки кожи, како и кожа од свинска утроба.

"Многу од моите дела вклучуваат работи кои би можеле да се сметаат за одвратни, но мојата намера е да се создаде нешто убаво со трансформација и заинтересирана сум за работа со нешто што изгледа грдо. Присуството во ресторанот го смени мојот став кон храната. Тоа ме направи свесна за тоа како се опседнати готвачите со користење на само најдобрите состојки. Исто така, ме изненади колку храна е отфрлена поради оваа потрага за совршенство", вели Хаџи- Василева за Вол стрит журнал.

Ангажирање на познати уметници да создаваат уметнички дела за ресторани не е новина. Сопствениците на ресторанот "Pied a Terre" во Лондон, направија чекор понатаму, па со назначување на еден уметник кој ќе престојува во ресторанот ја поврзаа храната со уметноста, создавајќи блиски односи со уметниците во изминатите две децении.



"Ние секогаш сме биле заинтересирани за уметност и можеме да купиме слики од познати уметници, но мислевме дека е подобро ако имаме некој што ќе создаде уметничко дело внатре во ресторанот. Така, наместо да пишуваме чек на 10.000 фунти за некое уметничко дело, направивме панел и потоа поканивме уметници да ги доставаат идеите", вели Дејвид Мур, еден од основачите и режисер.

Нема специфични барања за кандидатите, освен тие да се реномирани уметници, а за најдобриот е наменета наградата од 10.000 фунти.

Хаџи-Василева беше избрана да биде прва во низата на годишни жители на ресторанот со група од 12 куратори од светот на уметноста.

Кога изложбата ќе се затвори кон крајот на октомври, делото на Хаџи-Василева ќе влезе во постојана колекција, каде што ќе виси заедно со делата од Петар Блејк, Хауард Хочкин и поп-уметникот Ричард Хамилтон, еден од основачите на ресторанот.

***(Д.Т.)***

Ми се допаѓа You, Donka Gureva and Ana Frangovska like this. Сподели Tweet

Статијата е прочитана 1465 пати. #

**Зошто мојот коментар не излегува на Web страницата?**